РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-400/1
23.04.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи ги во предвид препораките од Влатата на Република Северна Македонија кои се однесуваат на реализација на мерки за борба против корупцијата, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за спречување на корупцијата за 2021 година

Со Годишниот план за 2021 година, се утврдуваат мерки и активности за спречување на корупцијата при работењето на државните службеници, вработени во администрацијата на Општина Валандово, кои водат постапки за кои се цени дека постои висок степен на ризик од корупција.

Основа за изготвувањето на годишниот план за спречување на корупција е претходно извршена проценка на ризиците од корупција во рамките на која се врши идентификација, анализа и оцена на ризикот.

Оценка е дека области каде се генерира висок степен на ризик од корупција во работењето на администрацијата на општината се јавните набавки, легализацијата на бесправно изградени објекти, издавањето на градежни и други дозволи, издавањето на лиценци и дозволи за превоз,утврдувањето на данок на промет на недвижен имот, утврдувањето и наплатата на данокот на имот и комуналните такси, наплатата на административни такси, издавањето на еколошки дозволи, реализација на проекти со средства од донација, постапувањето на инспекциските служби и внатрешната ревизија.

Во функција на спречување на корупцијата ќе бидат и мерките кои општината ги презема на планот на заштитено внатрешно пријавување.

Годишниот план опфаќа една календарска година и е поделен во три четиримесечја.

Во секое четиримесечје ќе бидат опфатени определен број на работни места и извршители кои ќе бидат предмет на проверка.

Проверката на работните места и извршителите ќе се врши според следниот акциски план:

| АКЦИСКИ ПЛАН | | | |
|---|---|---|---|
| Организационна единица | Област | Број на извршители | Четиримесечје |
| Одделение за финансиски прашања и јавни набавки | Јавни набавки | 1 | 2 и 4 |
| | Утврдување данок на промет на недвижен имот | 1 | 1 и 4 |
| | Утврдување и наплата на данок на имот и комунални такси | 1 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси, | Наплата на административни такси | 1 | 4 |
| Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој | Легализација на бесправно изградени објекти | 2 | 1 и 3 |
| | Издавање на одобренија | 1 | 2 и 4 |
| | Издавање на лиценци и дозволи за превоз | 1 | 2 |
| | Издавање еколошки дозволи | 1 | 3 |
| | Реализација на проекти со средства од донација | 1 | 3 |
| Одделение за инспекциски работи | Постапување на градежна инспекција | 1 | 2 и 4 |
| | Постапување на комунална инспекција | 1 | 1 и 4 |
| | Постапување на инспекција за утврдување и наплата на даноци | 1 | 4 |
| Одделение за внатрешна ревизија | Постапувања на внатрешниот ревизор | 1 | 3 |

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: Е. Фидански
Контролирал/Одобрил:Б. Киров